И8327

Вечер 13 СЕПТЕМВРИ 2001 стр. 17, 11798

УТРЕ ВО МСУ ТЕМАТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА

# МЕДИУМИТЕ И КОНФЛИКТОТ ВО МАКЕДОНИЈА

Утре во Музејот на современа уметност во Скопје, со почеток во 10 часот, ќе се одржи конференција на тема "Медиумите и конфликтот во Македонија", во организација на Македонскиот институт за медиуми. Најавено е учество на новинари од Македонија и регионот и од западните медиуми, а целта на собирот е да се иницира дискусија во врска со нивото на професионализмот во известувањето за конфликтот во Македонија и влијанието на медиумите врз развојот на настаните.



Како дел од овој проект за денес во Музејот е најавено отворање на изложба на новинарски фотографии под наслов "Мед и крв - Балкански воен дневник" на фоторепортерот на магазинот "Њусвик", Рон Хавив. На изложбата ќе бидат застапени фотографии на Хавив од почетокот на конфликтот на просторите од поранешна Југославија, па се до овој во Македонија. Интенција на изложбата е да го покаже мостот над јазот меѓу она што Западот го знае за војните на Балканот - војници и бегалци, од една страна, и суровата но достоинствена реалност за луѓето од Балканот во времето на конфликтот и по него.

Р.Р.Т.